20090180381

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 4 од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ", бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008 и 98/2008), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 13.01.2009 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА АКУТНИ СЛУЧАИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи бр. 02 - 25017/6 од 18.12.2008 година, во членот 2, во табелата, по редниот број 634 се додава следната табела:

Реден број	ДСГ шифра	Вид на ДСГ услуга	Референтни цени
635	B41Z	Телеметричко ЕЕГ следење	23.651
636	C16A	Процедури на леќата	17.201
637	L42Z	ESW литотрипсија на уринарни камења	11.288
638	L61Z	Прием за ренална дијализа	2.688
639	U61B	Шизофренија без правен статус на ментална болест	37.447
640	Z40Z	Ендоскопија за следење	4.838
650	Z60A	Рехабилитација со катастрофални или тешки компликации	62.532
651	Z60B	Рехабилитација без катастрофални или тешки компликации	32.251
652	Z62Z	Следење без ендоскопија	5.375

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-135/4
13 јануари 2009 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Фисник Ибраими, с.р.